# FOREVER

MACEDONIA

Февруари 2018 | Број 196

## Зошто ГЕЛОТ од АЛОЕ ВЕРА на ФОРЕВЕР?

## #AloeChallenge

## ФОРМУЛИРАЊЕ НА МИСИЈАТА
**Gregg Maughan**




## ДА БИДЕМЕ СЕКОГАШ НА ВИСИНА
**Rex Maughan**

FOREVER®

# Формулирање на мисијата

## Новата година е тука! Сигурно веќе сте сѝ поставиле цели за 2018-та и знаете што сакате да постигнете.

Ова е суштински дел од вашиот успех како сопственик на Форевер бизнис. Дали ќе одлучите да влезете во форма со Форевер Ф.И.Т., или да го удвоите бизнисот, поставувајќи сѝ цели, станувате посилни и ја зголемувате веројатноста да го постигнете животот за кој мечтаете. Важен елемент на процесот на поставување на цели кој често го забораваме или пропуштаме, е определувањето на клучни принципи или формулирањето на лична мисија.

Во Форевер имаме своја мисија по која се раководиме со години. Таа нѐ води кога одлучуваме за маркетинг планот, производите и програмите за стимулирање. Но најважното е дека нѝ помага да ги негуваме средината и вредностите, благодарение на кои Форевер се развива веќе 40 години. Нашата мисија одредува како одиме напред како компанија и ќе нѐ води кон целта да го удвоиме бизнисот во следните пет години.

**Нашата мисија:** Создаваме профитабилна средина во која секој може достоинствено да биде тоа што сака да биде; во која чесноста, коректноста, емпатијата и задоволството од работата се наши основни приоритети. Градиме и негуваме ентузијазам и верба во нашата компанија, производи и индустрија. Бараме знаење и баланс, а најмногу без страв ја водиме компанијата и сопствениците на Форевер бизнис напред.

Во 2018 год. често ќе слушате за петте нешта врз кои ќе се фокусираме во идните пет години – алое вера, совршенство на производи, 15% пораст на продажбите, ангажирање на вистинските луѓе и споделување на причините да сме Форевер-горди. Можеби сте нѐ слушнале и порано да спомнуваме дека нашиот најголем приоритет се сопствениците на Форевер бизнис. Благодарение на вас Форевер продолжува да процветува во целиот свет, затоа е наша должност да ги ставаме вашите потреби на прво место. Затоа треба да се фокусираме на вредностите со кои се ангажираме во нашата мисија – да градиме компанија во која вие просперирате, и смело да ве водиме кон остварување на вашите мечти.

Нашата мисија е пред очите на персоналот во централната канцеларија секој ден – точно пред да се качат на лифтовите за да влезат во зградата. Тие не само што ја гледаат секое утро, тие ја живеат и ја дишат. Мнозина ја знаат наизуст. Навистина! Кога следниот пат ќе сретнете вработен од централата, прашајте го и ќе се уверите. Ако не ја гледаш формулацијата на мисијата секој ден, лесно е да се расееш. Кога стои на видно место, таа секој ден нѝ напомнува дека има смисла во понекогаш напнатиот и долг работен ден. Толку многу луѓе сметаат на нас.

Почетокот на годината е одличен момент да ги погледнеме целите од нов агол и да се задлабочиме малку повеќе во личната мисија. Ве охрабрувам да си формулирате написмено своја лична мисија. Нема потреба да е долга, но треба да е искрена. Да ве потсетува во што верувате и кои ви се намерите. Читајте ја секој ден, за да ви помага да го следите курсот кон остварување на вашите цели во следните пет години и понатаму.

Насмеана година,

**Gregg Maughan**
Претседател на Форевер Ливинг Продактс



**Благодарение на вас Форевер продолжува да процветува во целиот свет, затоа е наша должност да ги ставаме вашите потреби на прво место.**



# Да бидеме секогаш на висина

**Дали некогаш сте ја слушнале максимата дека дисциплинираниот напор носи богата награда? Неодамна оваа порака ме инспирираше кога прочитав за 12-годишно момче кое живее со мајката и шестмина браќа и сестри во Замбија.**

Таму чистата вода и лекарските услуги се тешко достапни и секој ден на пат кон училиштето момчето поминува покрај домови без електрична енергија и без вода за пиење. И покрај тешкотиите кои ги има семејството, момчето нема ниту едно отсуство во училиштето година за година! Не е лесно да не се пропушти ниту ден преку целата учебна година, особено за дете кое се соочува со предизвици секој ден за да стигне до училиштето.

И покрај тешкотиите дома, неговото образование не страда. За да е нахрането и да се фокусира на долгиот училишен ден, момчето секој ден добива храна од организацијата „Да се исправиме против гладот“. Тие обезбедуваат храна на целото негово семејство за време на училишната седмица како награда за неговата посветеност и желба да добие образование кое ќе му помогне да се справи со животните предизвици. Многу сум горд што се обврзавме да спакуваме пет милион оброци храна за „Да се исправиме против гладот“ оваа и следната година.

Приказната на момчето има подлабоко значење, за кое сакам да размислите. На 12-годишна возраст кога децата не би требало да носат таква одговорност и е редно да се уште далеку од проблемите на зрелоста, ова момче е пример за дисциплина во секојдневните активности.

Благодарение на неговата конзистентност неговото семејство добива храна и грижа. Тој се буди и го минува тешкиот пат до училиштето, дури и кога е болен или околностите се неповолни.

Колку возрасни со подобра судбина познавате, кои немаат дисциплина секој ден да се појавуваат таму каде што треба?

**Ништо не е невозможно, ако секој ден вложуваме труд и работиме за својот напредок.**

Иако не сме соочени со истите искушенија, секогаш во нашиот живот има тешкотии кои не се лесни за надминување. Тие создаваат бариери за постигнување на нашите цели и понекогаш дури нѐ залажуваат да го потцениме фактот дека всушност нивното постигнување не е толку лесно. Дури и целите да не се амбициозни, како пакувањето на пет милиони оброци храна, нема невозможни нешта ако секој ден вложуваме труд и работиме за својот напредок.

Размислете за дисциплината како за искачувањето на скала. Иако повисоко станува сѐ потешко, секое следно скалило ве доближува до нештата кои ги сакате и што ви требаат.

Знаеме дека со последователни дејства, извршувани од срце и редовно, можеме да го промениме светот. Како момчето кое дисциплинирано оди на училиште секој ден, и ние треба истото да го практикуваме, за да ги постигнуваме целите. Чествувајќи ја 40-та годишнина на Форевер, одделете миг да ги одбележите неверојатните постигнувања на нашите лидери и на компанијата, од основањето па досега. Се надевам дека ќе ве мотивираат и ќе ви помогнат да бидете дисциплинирани, за да остварите сѐ што сакате во 2018-та и во следните години.

**Засекогаш ваш,**



**Rex Maughan**

## Два начина да демонстрираме дисциплина и великодушност:

1. Донирајте месечно на **Форевер Гивинг**, за да нѝ помогнете да ја финансираме храната која ќе се пакува во целиот свет во следните две години.

2. Побарајте каде во близина ќе има следна средба за пакување на храна или како можете сами да организирате таков настан, така што ќе се поврзете со канцеларијата на Форевер во вашата држава. Преземете ангажман да се вклучите во најмалку две средби годишно за пакување на храна со „Да се исправиме против гладот“.

# ПРОМЕНИ ВО ДЕЛОВНАТА ПОЛИТИКА

Новите политики обезбедуваат уште поголеми предности на нашите сопственици на Форевер бизнис! Направивме неколку промени поврзани со квалификацијата за бонус „Скапоцени камења“, програмата Менаџер ОРЕЛ во категорија „Скапоцени камења“ и издигнувањето до ниво Менаџер. Овие нови правила ќе ви помогнат да заработувате поголеми бонуси и ќе им помогнат на вашите екипи да растат. Подгответе сè да ги споделите овие измени со сите во вашиот тим.

## Четири-месечна квалификација за Менаџер

**Ниво Менаџер се постигнува со генерирање на вкупно 120 лични и не-менаџерски бодови во рамките на еден или два последователни календарски месеци, или на вкупно 150 лични и не-менаџерски бодови во рамките на три или четири последователни месеци.**

**Оваа политика влегува во сила од февруари 2018 год., што значи дека сопствениците на Форевер бизнис можат да ги користат бодовите од декември + јануари + февруари или од декември + јануари + февруари + март за новата можност за квалификација со 150 б.**

## Менаџер ОРЕЛ од категорија „Скапоцени камења“

**Менаџерите „Скапоцени камења“ („Сафир“ и нагоре) можат да се квалификуваат како Менаџери ОРЕЛ на пониско ниво во категорија „Скапоцени камења“. Ако на пример Менаџер „Дијамант“ има шест Менаџери ОРЕЛ во мрежата надолу, тој/таа ќе се квалификува како Менаџер ОРЕЛ „Сафир“. Сопственик на Форевер бизнис кој се квалификува како Менаџер ОРЕЛ „Сафир“, „Дијамант-Сафир“ или „Дијамант“, автоматски ќе се квалификува и за добивање на соодветно 1%, 2% или 3% бонус „Скапоцени камења“ во државата на место на живеење, за сите дванаесет месеци од мај натаму во кои тој/таа е квалификуван/а за добивање на лидерски бонус. Ако Менаџер „Скапоцени камења“ се квалификува како Менаџер ОРЕЛ „Скапоцени камења“ на ниво пониско од неговата/нејзината реална позиција во категорија „Скапоцени камења“ (т.е. Менаџер „Дијамант“ кој се квалификува како ОРЕЛ „Сафир“), тој/таа ќе го добива процентот на бонус „Скапоцени камења“соодветен на неговата/нејзината квалификација за ОРЕЛ, со исклучок на месеците во кои тој/таа се квалификува за добивање на повисок процент, како што е опишано во политиката за бонус „Скапоцени камења“ (види дел 9 од Деловната политика).**

**Оваа политика влегува во сила веднаш, за да може секој СФБ кој се квалификува како ОРЕЛ „Скапоцени камења“ до крајот на април 2018 год., да има право да започне да добива бонус „Скапоцени камења“ од почетокот на мај 2018 год.**

**Ова е одличен стимул за Менаџерите „Скапоцени камења“ да си поставаат за цел да се квалификуваат во програмата Менаџер ОРЕЛ. Бонусот „Скапоцени камења“ може значително да го зголеми вкупниот месечен доход.**

## Квалификација за бонус „Скапоцени камења“

**Од мај 2019 год. веќе нема да можете да се квалификувате за бонус „Скапоцени камења“ со 9, 17 и 25 Активни Менаџери на прва линија. По таа дата, квалификацијата за бонус „Скапоцени камења“ треба да биде или преку програмата Менаџер ОРЕЛ за категорија „Скапоцени камења“, или со 9/17/25 одделни спонзорирани структури во длабочина, секоја со Активен Менаџер кој реализирал 25 или повеќе вкупни бодови.**

Полниот ажуриран текст на Деловната политика можете да го разгледате или симнете од **bit.ly/ForeverDP .**

# Дали го испивте алоето денес?




Ако сè уште не сте, направете го тоа веднаш! И ако тоа сè уште не е ваша секојдневна навика, немате претстава колку многу пропуштате...

- Да го потпомогнете **варењето на храната,** бидејќи гелот од алое вера има природни својства на прочистување кои му помагаат на вашиот систем на варење на храната на најдобар начин да ги апсорбира хранливите материи кои ги внесувате.
- Да го поддржите **имунитетот,** бидејќи алое вера содржи уникатни полисахариди и други корисни материи за модулирање и поддржување на имунолошкиот систем.
- Да се погрижите за здравјето на вашите **заби и усната шуплина,** бидејќи алое вера е многу корисно за целата усна шуплина и непцата.
- Да се погрижите за обновување на **колагенот** и **еластинот** во вашиот организам, бидејќи алое вера е богат извор на градивни елементи за поддржување на здравјето на вашата кожа и за спротивставување на знаците на стареење.
- **Да се чувствувате и да изгледате подобро.**

Ние во Форевер рачно ги береме листовите на алое вера и многу внимателно ја одделуваме кората, пред да го стабилизираме гелот од внатрешноста на листот по патентирана технологија. Така го зачувуваме најбогатиот природен коктел од хранливи материи меѓу кои витамини, минерали, аминокиселини, шеќери, ензими, растителни стероли, лигнин, сапонини, антрахинони, салицилна киселина, како и многу други микро- и макро елементи.

Дали си претставивте како расекувате тукушто откинат лист од алое вера и го пиете гелот од неговата внатрешност? Со уникатните пијалоци на Форевер Ливинг Продактс имате можност да уживате во тоа одлично чувство секој ден, независно каде се наоѓате. Со 60-120 мililитри дневно не само што ќе имате многу повеќе енергија и ќе се чувствувате одлично, туку и ќе изгледате така! Испијте ја дневната доза гел од алое вера и раскажете и покажете им на сите околу себе колку е неверојатно чувството да си постојано витален и со одлично расположение!

**Ние сме најголемиот производител и распространувач на алое вера во светот.** Ние сме **КОМПАНИЈАТА ЗА АЛОЕ ВЕРА !**

**На здравје!**



Со љубов и секогаш со Вас,

***Стефан и Тања Стаеви***




#AloeChallenge








# Зошто **ГЕЛОТ од АЛОЕ ВЕРА** на Форевер?

Претставете си дека отсекувате тукушто набран лист од алое вера и го пиете гелот од неговата внатрешност. Најпопуларниот производ на Форевер Ливинг Продактс – **гелот од алое вера** е пијалок кој е најблизок по состав до природната содржина на листот на растението. Тој **е и првиот производ од таков вид кој го добил печатот на одобрение на Меѓународниот научен совет за алое.** Со своите над 75 хранливи состојки, гелот од алое може да биде наречен најсовршениот природен растителен сок. Илјадници години алоето се вреднува заради неговите природни смирувачки, разладувачки и навлажнувачки својства. Мнозина го користат за ублажување на лесни изгореници или за хидратирање и смирување на иритирана кожа, но дали знаете дека има и многу други научно докажани корисни дејства? Еве неколку причини да сте вљубени во алоето на Форевер.

**Градивни елементи.** Аминокиселините се „тулите", од кои е изградено нашето тело. Гелот од алое вера на Форевер содржи вкупно 20 аминокиселини, вклучително осумте незаменливи кои организмот не може да ги произведе сам. Редовното консумирање на алое го потпомага одржувањето на добро здравје, бидејќи нѝ обезбедува природен извор на аминокиселини.

**Го потпомага доброто варење на храната.** Алое вера има природни својства на прочистување кои му помагаат на дигестивниот систем да ги апсорбира важните материи од храната во крвотокот. Тоа истовремено придонесува и за размножувањето на корисните цревни бактерии.

**Дневна доза витамини.** Гелот од алое вера ги содржи витамините A, B1, B2, B6, B12, C и E, фолна киселина и ниацин. Човечкиот организам не е во состојба да складира некои од нив и затоа треба да се внесуваат редовно преку храната. Каков подобар начин да му ги обезбедиме од дневната доза гел од алое вера, која истовремено ќе му помогне на телото да се заштити од оксидативниот стрес?

**Го поткрепува имунитетот.** Алое вера содржи уникатни полисахариди и други корисни материи кои помагаат за модулирање и поддржување на имунолошкиот систем.

**Против – воспалителни својства.** Во гелот од алое вера се содржат 12 природни состојки за кои е докажано дека ги потиснуваат воспалителните процеси без странични ефекти. Алоето може исто така позитивно да влијае врз подвижноста на зглобовите и мускулите.

**Го обновува колагенот и еластинот.** Алое вера му нуди на организмот богат извор на градивни елементи за поддршка на здравјето на кожата и за спротивставување на знаците на стареењето.

**Дневна доза минерали.** Алое вера нѝ обезбедува калциум, натриум, железо, калиум, хром, магнезиум, манган, бакар и цинк. Какво богатство! Пиењето на гел од алое вера е природен и здрав начин да ги пополниме резервите на организмот.

**Регулирање на тежината и енергијата.** Редовното пиење на гел од алое вера по природен пат го чисти дигестивниот систем. Современата храна содржи доста состојки кои можат да причинат замор. Алое вера нѝ помага да се чувствуваме здрави и полни со енергија, а придонесува и за одржување на телесната тежина во здрави граници.

**Брзо ја смирува кожата.** Алое вера ја подобрува функцијата на фибробластите – оние малечки клетки, благодарение на кои нешето тело образува колаген. Токму тие го потпомагаат опоравувањето при лесни изгореници, посекотини и други кожни иритации.

**Здрави заби и добра усна хигиена.** Алое вера е многу корисно за целата уста и непцата. Една-две дози од гелот од алое можат да придонесат за добрата состојба на усната шуплина.

Гелот од АЛОЕ ВЕРА на Форевер **е вистински супер херој, зарем не?** Дали сакате заедно да споделиме со светот колку добро се чувствуваме што го пиеме секој ден? **Вклучете сè во февруарскиот предизвик,** опишан на следната страница **и добијте нови клиенти и награди!**

**#АлоеПредизвик**

# 40 години во правилната насока




Оваа година Форевер Ливинг Продактс ја одбележува 40-та годишнина и за да го прославиме јубилејот, одлучивме да направиме една кампања која ја нарековме „40 ГОДИНИ ВО ПРАВИЛНАТА НАСОКА“. Започнуваме на **1 февруари 2018** год. со идејата во тек на целиот месец да го покажуваме правилниот начин да го започнете денот, точната насока за успешен бизнис и силната мотивација да им помагате на луѓето да бидат здрави и успешни.

Главен херој на кампањата ќе биде препознатливиот ГЕЛ ОД АЛОЕ ВЕРА на Форевер, кој буквално го променил животот на милиони луѓе од создавањето во 1978 год. досега и продолжува да нè води во правилната насока и денес, 40 години подоцна. Сите добро знаеме дека ГЕЛОТ ОД АЛОЕ на Форевер е со извонреден квалитет и уникатна формула со 96% содржина на чисто алое и секој може да го почувствува благотворното влијание само за месец дена. Ајде во февруари да му покажеме на светот колку многу луѓе го започнуваат денот со него!

Вклучете сè и вие, за да им покажеме кој е вистинскиот пат! Споделете кратко видео или слика кои илустрираат како го започнувате денот, како го завршувате или едноставно се одржувате во добра форма со чаша #ForeverAloeVeraGel. Не пропуштајте да го придружите со хаштагот **#AloeChallenge.**




## АЛОЕ ПРЕДИЗВИК
## #ALOECHALLENGE

Предизвикот ќе се спроведе на социјалните мрежи, затоа следете **Фејсбук** и **Инстаграм.** Ве очекуваат интересни факти за алоето, совети и поддршка за сите учесници. **Вклучете сè** – 40 одлични алое чаши ќе ги израдуваат најактивните, а со големата награда – **Tablet** ќе биде награден победникот во предизвикот.

**Развиорете ја вашата фантазија** и направете ги атрактивни и различни видеото или сликата, за да ги импресионирате сите во мрежата. **Заедно можеме да му покажеме на светот дека Форевер е најдобрата компанија за алое во светот!**

## Услови за учество во **#AloeChallenge**

1. Прикачете на вашиот Фејсбук или Инстаграм профил слика или кратко филмче (не повеќе од 30 секунди), кои покажуваат како пиете ГЕЛ ОД АЛОЕ ВЕРА од Форевер. Можете да учествувате со неограничен број слики и/или филмови.
2. Додадете на секоја публикација хаштаг #AloeChallenge.
3. Предизвикот за големата награда бара публикување на најмалку ПЕТ слики и кратки филмчиња во рамките на периодот, и минимум ДВЕ од публикациите треба да бидат видеа.
4. Предизвикот започнува во 9:00 ч. на 1 февруари 2018 год. и завршува во 23:59 ч. на 28 февруари 2018 год.
5. Наградените ќе бидат одредени од бројот на допаѓања и споделувања на сликите и видеата и од оценката на екипата и на генералниот директор на Форевер Бугарија / Македонија. Тие ќе бидат објавени на интернет и Фејсбук страницата на компанијата на 1 март 2018 год.
6. Наградите не можат да бидат отстапени, заменети или разменети за парична награда.
7. Наградите се добиваат лично.
8. Форевер Бугарија/Македонија го задржува правото на избор кои филови или слики да ги публикува на социјалните платформи на компанијата.

**#АлоеПредизвик I #AloeChallenge**

# КВАЛИФИКАЦИИ ЗА ДЕКЕМВРИ 2017 ГОДИНА

**Forever2Drive**
ниво1




Др.Роза и Драган Гелевски

Клуб 4 – ниво 1




Алиу Садете

## МЕНАЏЕР




**Петровска Македонка**

## АСИСТЕНТ МЕНАЏЕР



Гелевска Елена

## СУПЕРВИЗОРИ



Данаилов Влатко
Ибиши Сухеда
Контра Мирослав
Митковска Лидија
Нацева Весна
Петровиќ Надица
Стевчевски Христијан
Сулејмани Фердезе
Зејнуловиќ Лендита

## АСИСТЕНТ СУПЕРВИЗОРИ



1. Али Лејла – Гостивар
2. Алили Ахмеди Узлифет – Тетово
3. Антиќ Данче -Скопје
4. Арсова Благоротка – Штип
5. Балтова Брајановска Андријана – Битола
6. Бошначка Панчиќ Лидија – Скопје
7. Василева Диана – Струмица
8. Величковски Сузана – Куманово
9. Демелези Арлинда – Куманово
10. Димитриева Драгана – Демир Капија
11. Димитријоска Кристина – Скопје
12. Димовска Виолета – Куманово
13. Дунчевиќ Маја – Скопје
14. Емина Флорина – Скопје
15. Зеќири Емине – Тетово
16. Илиевски Момчило – Куманово
17. Исеини Хумије – Гостивар
18. Исмаили Зуфија Себахат – Куманово
19. Јелиќ Исаиловска Александра – Скопје
20. Јосифова Коцевска Петруна – Велес
21. Јовановски Стефан – Куманово
22. Јуришиќ Јулијана – Неготино
23. Јусуфи Адиле – Скопје
24. Кокароска Адријана – Прилеп
25. Ковачевиќ Рада – Пробиштип
26. Крајчева Надица – Велес
27. Лукиќ Коробар Ана – Скопје
28. Маџова Ангела – Свети Николе
29. Маниќ Тања – Куманово
30. Мегди Нусран – Скопје
31. Михајловиќ Вера – Кочани
32. Миланов Александар – Скопје
33. Митрова Марина – Пробиштип
34. Најдова Верица – Неготино
35. Нејкова Даниела – Неготино
36. Нуредини Џарије – Тетово
37. Павлов Александар – Неготино
38. Перовски Орце – Скопје
39. Петковски Дарко – Куманово
40. Петрушевска Слаѓана – Куманово
41. Рустеми Зулејха – Скопје
42. Саитовиќ Нурије – Липково
43. Селмани Аниса – Тетово
44. Спасова Кристина – Неготино
45. Спасовска Ивана – Куманово
46. Стефанов Ристо – Неготино
47. Стојанова Лидија – Неготино
48. Стојановска Емилија – Скопје
49. Стојкова Вера – Битола
50. Стојковска Аница – Штип
51. Тодоровска Борка – Скопје
52. Тртовац Сулејма – Скопје
53. Христова Маја – Скопје
54. Цветковиќ Катерина – Куманово
55. Чириќ Мартина – Куманово
56. Џуклевска Александра – Скопје
57. Шарац Катерина – Неготино
58. Шопова Снежана - Струмица

## ТОП 10 за 2017 год.

1. Др.Роза и Драган Гелевски
2. Др.Снежана Контра
3. Вера Злaтковска
4. Славица Донакова
5. Блага Крстеска и Кирил Дрзманоски
6. Катерина и Методи Трајчевски
7. Слафко и Вера Михајловски
8. Жарко Георгиевски
9. Стевица и Александар Димовски
10. Младен Димовски

## ТОП 10

### ВКУПЕН ОБЕМ

1. Др.Роза Гелевска
2. Вера Злaтковска
3. Др.Снежана Контра
4. Славица Донакова
5. Жарко Георгиевски
6. Македонка Петровска
7. Елена Гелевска
8. Катерина Трајчевска
9. Блага Крстеска
10. Слафко Михајловски

### НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ

1. Др.Роза Гелевска
2. Вера Злaтковска
3. Елена Гелевска
4. Жарко Георгиевски
5. Македонка Петровска
6. Др.Снежана Контра
7. Др.Теута Ајети
8. Славица Донакова
9. Стевица Димовска
10. Надица Петровиќ


facebook

**Следете ја официјалната фејсбук страница**
**Forever Living Products, MK**
**за да бидете во тек со сите новини, промоции, обуки и претставувања кои ги организираме.**

Like



**ФОРЕВЕР ЛИВИНГ ПРОДАКТС ДООЕЛ**
**www.foreverliving.com**

бул. Јане Сандански 3б, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815;
факс:+389 (0)2 2465826; e-mail:flp@t-home.mk



Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.


## ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА

**Како да порачате:**
- онлајн преку линкот http://flp.bg/mac/order/
- доколку не сте во можност да порачате онлајн, можете телефонски на 02 2465846 секој работен ден од 9 до 19 часот. Порачките кои се примени до 14 часот се испраќаат од канцеларијата на Форевер истиот работен ден. Вие ја добивате порачката на домашна адреса во рок од 24 часа и ја плаќате на доставувачот.